# Изучување на пијаното кај децата од предучилишна возраст (4 и 5 години)







Проф. д-р Милица Шкариќ

Неда Неданоска

- Децата од предучилишна возраст свирењето на пијано го изучуваат преку:

  - свирење по слух и пеење;

  - импровизација под водство на наставникот која содржи вежби за поставување на раката на црни клавиши.

- На првите часови децата не треба да седат на столче, туку да стојат и слободно да се движат за да го спознаат инструментот.
- Кога детето стои, обично клавијатурата  му доаѓа на правилна висина, а раката и рамениците му се опуштени.

- Започнување веднаш со музичко описменување не е правилно за оваа возраст, бидејќи децата за тоа сè уште не се зрели.
- Во првите 5 години од животот е присутен синкретизам во изразувањето на детето преку пеење, слободно движење (танцување), цртање и раскажување приказни (со животни, различни природни и емоционални состојби и сл.). Наставата по пијано треба да ги содржи овие елементи.
- Во денешно време на некој начин во првите пет години се поминуваат 40000 години на човештвото, период на когнитивната револуција во кој постоел првобитниот синкретизам пред појавата на првото писмо.

- Раката се поставува преку:

  - вежби со имитација на животни како:

- фламинго/штрк;
- жаба;
- гасеница/полжавче;
- Гледање низ закоруглени раце;
- Вежби за различните броеви на прсти;
- Црни клавиши:
- Два црни клавиши (2 и 3 прст)
- мечка (три црни клавиши 2, 3 и 4ти прст, а понатаму без трети прст)

- Ритамот се чувствува преку пеење на одреден текст со песната која се свири по слух (песна „Полжавче“);
- и четирирачно свирење со наставникот („Фармата на стариот Мекдоналд“ на црни клавиши);
- По совладување на разните комбинации на црни клавиши, се преминува на бели. Од пентатонската скала преминуваме на скалата составена од седумте основни тонови, кои се изучуваат по име со пеење без учење на нотно писмо.

- Паралелно, после свирењето детето се стимулира да црта, со што се воведува во графичките картички. Така се спојува звукот со одреден симбол, кој подоцна ќе стане нота.



Кластери на три црни клавиши





Кластери на три и на два црни клавиша





